// СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
// НА ОПШТИНА КУМАНОВО

| „Службен гласник на Општина Куманово“<br>Излегува по потреба – Издавач: Општина Куманово<br>Тел. 423-505<br>Одговорен уредник: Милена Ѓукиќ Ордевска | Година LXVIII<br>Број 9<br>Куманово<br>7 јуни<br>2023 г. | Претплата за 2023 година<br>изнесува 2.000 денари.<br>трезорска с-ка 100-0000000630-95<br>с-ка на буџетски корисник 7410140525630-18<br>приходна шифра 725939 |
|---|---|---|


**246.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Заклучок**
**за објавување на Одлука за суспензија од примена на Детален урбанистички план за дел од Урбан блок 48 (дел 2) и за дел од У.Е. ,,Б. С. Гојчо“, дел од Урбан блок 44, плански опфат помеѓу бул. „Трета МУБ“, ул. „Перо Чичо“, ул. „Прва Петолетка“ и ул. „Миле Кипра“ - Општина Куманово, (2018-2023) со површина од 3.24ха, со технички број 18/18 од јули 2021, изработен од ДУПИ Планерис ДООЕЛ увоз-извоз Куманово, донесен со Одлука бр. 09-9525/41 од 28.12.2021 година**

1. Се објавува Одлуката за суспензија од примена на Детален урбанистички план за дел од Урбан блок 48 (дел 2) и за дел од У.Е. ,,Б. С. Гојчо“, дел од Урбан блок 44, плански опфат помеѓу бул. „Трета МУБ“, ул. „Перо Чичо“, ул. „Прва Петолетка“ и ул. „Миле Кипра“ - Општина Куманово, (2018-2023) со површина од 3.24ха, со технички број 18/18 од јули 2021, изработен од ДУПИ Планерис ДООЕЛ увоз-извоз Куманово, донесен со Одлука бр. 09-9525/41 од 28.12.2021 година, Бр. 09 - 4569/3, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 06 јуни 2023 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 08-4745/1
07 јуни 2023 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

**247.**

Врз основа на член 23 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“ бр. 32/20), член 22 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 25 став 1 точка 7 од Статутот на Општината Куманово („Службен гласник на Општина Куманово” бр. 13/03, 13/07, 8/15, 11/19 и 12/21), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 06 јуни 2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за суспензија од примена на Детален урбанистички план за дел од Урбан блок 48 (дел 2) и за дел од У.Е. ,,Б. С. Гојчо“, дел од Урбан блок 44, плански опфат помеѓу бул. „Трета МУБ“, ул. „Перо Чичо“, ул. „Прва Петолетка“ и ул. „Миле Кипра“ - Општина Куманово, (2018-2023) со површина од 3.24ха, со технички број 18/18 од**

**јули 2021, изработен од ДУПИ Планерис ДООЕЛ увоз-извоз Куманово, донесен со Одлука бр. 09-9525/41 од 28.12.2021 година**

Член 1

Со оваа Одлука се суспендира од применување Детален урбанистички план за дел од Урбан блок 48 (дел 2) и за дел од У.Е., ,Б. С. Гојчо", дел од Урбан блок 44, плански опфат помеѓу бул. „Трета МУБ", ул. „Перо Чичо", ул. „Прва Петолетка" и ул.„Миле Кипра" - Општина Куманово, (2018-2023) со површина од 3.24ха, со технички број 18/18 од јули 2021, изработен од ДУПИ Планерис ДООЕЛ увоз-извоз Куманово, донесен со Одлука бр. 09-9525/41 од 28.12.2021 година, поради несомнена штета по јавниот интерес што е воочена во текот на спроведувањето на планот, која би се зголемувала со неговото спроведување, а произлегува од неговата спротивставеност со законот и прописите донесени врз основа на него и поради плански решенија чиишто штетни последици по јавниот интерес не биле воочени во постапката за неговото донесување.

Член 2

Со оваа Одлука се суспендира од применување горенаведениот план, и истата е на сила до донесувањето на нов план за предметниот плански опфат, но не подолго од една година.

Член 3

Со суспендираниот ДУП се штити јавниот интерес кој е приоритетен и за јавниот интерес се води грижа во сите фази од урбанистичкото планирање, односно во постапките на изработување, донесување, спроведување и следење на спроведувањето на урбанистичките планови.

Член 4

Оваа Одлука почнува да се применува по донесување на Одлука за постапка за изработување на нов ДУП за дел од Урбан блок 48 (дел 2) и за дел од У.Е. ,,Б. С. Гојчо", дел од Урбан блок 44, плански опфат помеѓу бул. „Трета МУБ", ул. „Перо Чичо", ул. „Прва Петолетка" и ул. „Миле Кипра" - Општина Куманово.

Член 5

Оваа Одлука престанува да важи една година од денот од кога почнала да се применува.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 09 – 4569/3
06 јуни 2023 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
**Ивана Ѓорѓиевска, с.р.**

**248.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Заклучок**
**за објавување на Одлука за отпочнување на постапка за изработка на Детален урбанистички план за дел од Урбан блок 48 (дел 2) и за дел од У.Е. ,,Б. С. Гојчо", дел од Урбан блок 44, плански опфат помеѓу бул. „Трета МУБ", ул. „Перо Чичо", ул. „Прва Петолетка" и ул. „Миле Кипра" - Општина Куманово**

1. Се објавува Одлуката за отпочнување на постапка за изработка на Детален урбанистички план за дел од Урбан блок 48 (дел 2) и за дел од У.Е. ,,Б. С. Гојчо“, дел од Урбан блок 44, плански опфат помеѓу бул. „Трета МУБ“, ул. „Перо Чичо“, ул. „Прва Петолетка“ и ул. „Миле Кипра“ - Општина Куманово, Бр. 09 - 4569/4, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 06 јуни 2023 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 08-4746/1
07 јуни 2023 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

**249.**

Врз основа на член 23 став 8 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“ бр. 32/20), член 22 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 25 став 1 точка 7 од Статутот на Општината Куманово („Службен гласник на Општина Куманово” бр. 13/03, 13/07, 8/15, 11/19 и 12/21), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 06 јуни 2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за отпочнување на постапка за изработка на Детален урбанистички план за дел од Урбан блок 48 (дел 2) и за дел од У.Е.,,Б. С. Гојчо“, дел од Урбан блок 44, плански опфат помеѓу бул. „Трета МУБ“, ул. „Перо Чичо“, ул. „Прва Петолетка“ и ул. „Миле Кипра“ - Општина Куманово**

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува потреба од отпочнување на постапка за изработка на Детален урбанистички план за дел од Урбан блок 48 (дел 2) и за дел од У.Е.,,Б. С. Гојчо“, дел од Урбан блок 44, плански опфат помеѓу бул. „Трета МУБ“, ул. „Перо Чичо“, ул. „Прва Петолетка“ и ул. „Миле Кипра“ - Општина Куманово.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово“.

Бр. 09 – 4569/4
06 јуни 2023 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
**Ивана Ѓорѓиевска, с.р.**

**250.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Заклучок**
**за објавување на Одлука за давање согласност на Предлог - Годишен план за вработување во 2024 година на ЈОУ Дом за стари лица „Зафир Сајто“ – Куманово**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност на Предлог - Годишен план за вработување во 2024 година на ЈОУ Дом за стари лица „Зафир Сајто“ – Куманово, Бр. 09 - 4569/10, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 06 јуни 2023 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 08-4752/1
07 јуни 2023 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

**251.**

Врз основа на член 20-б став 1 алинеја 3 и став 2 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РМ“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 143/19 и 14/20) и член 68 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово“ бр. 13/03, 13/07, 8/15, 11/19 и 12/21), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 06 јуни 2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Предлог - Годишен план за вработување во 2024 година на ЈОУ Дом за стари лица „Зафир Сајто“ – Куманово**

Член 1
Се дава согласност на Предлог - Годишниот план за вработување во 2024 година на ЈОУ Дом за стари лица „Зафир Сајто“ – Куманово.

Член 2
Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово“.

Бр. 09 – 4569/10
06 јуни 2023 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
**Ивана Ѓорѓиевска, с.р.**

**252.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Заклучок**
**за објавување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на подрачјето на Општина Куманово за 2023 година**

1. Се објавува Програмата за изменување и дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на подрачјето на Општина Куманово за 2023 година, Бр. 09 - 4569/5, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 06 јуни 2023 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 08-4747/1
07 јуни 2023 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

**253.**

Врз основа на член 40 став 1 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“ бр 32/20), член 22 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 25 став 1 точка 1 од

Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово бр. 13/03, 13/07, 8/15, 11/19 и 12/21), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 06 јуни 2023 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА КУМАНОВО ЗА 2023 ГОДИНА**

1. Во Програмата за урбанистичко планирање на подрачјето на Општина Куманово за 2023 година („Службен гласник на Општина Куманово“ бр. 15/2022), во точка Е.2.1. Урбанистички планови финансирани од буџетот на Општина Куманово, по потточка Е.2.1.16 се додава 1 (една) нова потточка, и тоа:

Е.2.1.17. ДУП за за дел од Урбан блок 48 (дел 2) и за дел од У.Е. ,,Б. С. Гојчо“, дел од Урбан блок 44, Плански опфат помеѓу бул. „Трета МУБ“, ул. „Перо Чичо“, ул. „Прва Петолетка“ и ул. „Миле Кипра“- Општина Куманово.

2. Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 09 – 4569/5
06 јуни 2023 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
**Ивана Ѓорѓиевска, с.р.**

**254.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Заклучок**
**за објавување на Програма за решавање на проблемот со бездомни кучиња на подрачјето на Општина Куманово за период 2023 – 2025 година**

1. Се објавува Програмата за решавање на проблемот со бездомни кучиња на подрачјето на Општина Куманово за период 2023 – 2025 година, Бр. 09 - 4569/13, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 06 јуни 2023 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 08-4756/1
07 јуни 2023 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

**255.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 28 став 1 и став 3 од Законот за заштита и благосостојба на животните („Службен весник на РМ“ бр. 149/14, 149/15 и 53/16 и „Службен весник на РСМ“ бр. 65/23) и член 25 став 1 точка 41 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово“ бр. 13/03, 13/07, 8/15, 11/19 и 12/21), Советот на Општина Куманово, на седница одржана на 06 јуни 2023 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за решавање на проблемот со бездомни кучиња на подрачјето на Општина Куманово за период 2023-2025 година**

## 1.Вовед

Оваа Програма има за цел да ги утврди активностите за третирање на бездомни кучиња, нерегистрирани кучиња и регистртрани кучиња кои ќе се затекнат на јавна површина без присуство на сопственикот, условите, организацијата и обемот на извршувањето, како и начинот на финансирањето.

За решавање на проблемот поврзан со зголеменото присуство на бездомни кучиња, односно за контрола на нивниот број, од страна на Советот на Општина Куманово донесена е Одлука со која се задолжува Комисија за јавни набавки на Општина Куманово да спроведе постапка и избере економски оператор што може да ја спроведе целата активност за заштита на бездомни кучиња, како единствено можен и препорачан хуман начин на третирање на овие животни, што е вградено и во Одлуката за комунален ред на Општина Куманово.

Хуманиот начин на третирање на бездомни кучиња подразбира стерилизација на здравите животни и создавање на услови за нивен понатамошен хуман третман и еутаназија на оние животни кои ги исполнуваат критериумите препорачани од член 26/27/28 /29/30 и 31 од Законот за заштита и благосостојба на животни (Службен весник на РМ бр. 149/14, 149/15 и 53/16).

## 2.Планирани активности

Програмата за решавање на проблемот со бездомни кучиња на подрачјето на Општина Куманово се базира на нивна перманентна контрола на подрачјето на целата општина и ги предвидува следните активности:

- заловување на животните,
- нивниот транспорт до прифатилиште,
- прием и клинички преглед,
- вакцинација и дехелментација
- идентификација и водење евиденција,
- стерилизација
- постоперативно сместување
- враќање на животните до приближното место од каде се заловени,
- еутаназија согласно со закон,
- лабораториско испитување на Лајшманија и понатамошни постапки со кучиња кои се позитивни на Лајшманија , во согласност со актуелната годишна наредба за Здравствена заштита на животните.
- Спроведување на тест за социјализација на кучиња, и понатамошни постапки со опасни кучиња, кои се во согласност со националното законодавство.

### 2.1 Заловување и транспорт

Прифатлиштето односно персоналот ангажирани за заловување на кучињата, се опремени со соодветна униформа и средства за лична заштита, соодветна опрема за заловување на кучиња, како и опрема за нивен транспорт, околувратници и поводници и останата опрема за идентификација на заловените кучиња .

Заловување врши соодветен квалификуван персонал од прифатилиштето за кучиња. Работниците се обучени, за што истите поседуват сертификати .
Заловеното куче се проверува дали има микрочип на лице место и на заловените кучиња се става привремена маркица на левото уво. Кучињата со микрочипови се идентификуваат и се стапува во контакт со сопствениците за што Официјален ветеринар презема дејствија согласно законските процедури, предвидени со Закон за благосостојба на животните.
Транспортот од местото на заловување до прифатилиште се врши со специјално возило опремено со соодветни кафези за сместување на животните. Транспортот е под строга контрола и треба да се изврши што побрзо од моментот на заловување. Униформите и возилото се видно обележени со натпис: “Служба за бездомни кучиња“.

**2.2.Прифатилиште и медицински третман**

Прифатилиштето е одобрено од Агенција за храна и ветерина. Заловените животни се транспортираат до прифатилиште за бездомни кучиња, каде се врши клинички преглед на кучињата, при што се одредуваат кучињата што ги исполнуваат критериумите за стерилизација.

По заловувањето, прифатилштето е задолжено преку земање на мостри крв да ги испита сите заловени кучиња на Лајшманија во согласност со актуелната Годишна наредба за Здравствена заштита на животни. Со кучињата кои се позитивни на Лајшманија, се постапува во согласност со актуелната Годишна наредба за Здравствена заштита на животни .
На кучињата се спорведува тест за социјализација на кучиња од страна на овластени лица . Со кучињата кои се прогласени за опсасни кучиња, се постапува во согласност со Здравствена заштита на животни и благосостојба на животни.

Регистрирани кучиња , доколку бидат затекнати на јавни површини без присуство на сопственик, привремено ќе бидат заловени и сместени во соодветни објекти-прифатлишта. Сопственикот на заловеното регистрирано куче, од страна на економскиот оператор, Официјаниот ветеринар и Комуналниот инспектор (Редар), ќе биде известен за преземената активност, и на истиот ќе му бидат укажани правата и обврските кои ги има спрема кучето од Законот за Благосостојба на животните. Доколку сопственикот на заловеното регистрирано куче не сака да ги прифати обврските кои му се укажани од страна на горенаведените субјекти, со сопственикот и животното се постапува согласно позитивните законски прописи.

Секое заловено бездомно куче ќе биде проверено на агресивност, односно на кучето ќе се спроведе тест за социјализација на куче од страна на доктор по ветеринарна медицина кој поседува лиценца и кој има поминато обука, за што иститот поседуват сертификати.

За старите, агресивни и болни кучиња се прави проценка за нивен третман, а ДВМ предлага нивен понатамошен третман, лекување, ресоцијализација или еутаназија. Сите клинички здрави кучиња се пренесуваат во болничкиот дел. Теренската идентификација за секое заловено куче веднаш се евидентира, и се заведуваат и други податоци за животното како раса, пол, старост, особени знаци, место на заловување и др.
Сите податоци ќе бидат внесени во ИСАХВ системот.

**2.2.1 Еутаназија**

Еутаназијата ќе се врши на начин и врз основа на критериуми пропишани во согласност со Законот за заштита и благосостојба на животните (Службен весник на

Република Македонија 149/14, 149/15 и 53/16) и Правилникот за постапките за заловување, интервенции и третман на бездомните кучиња, начинот на спроведување на тестот за социјализација, начинот и содржината на податоците за водење на евиденција и начинот на вршење на надзор, условите за одобрување на прифатилиштата, формата и содржината на барањето за одобрување, како и формата и содржината и начинот на водење на Регистарот на одобрени прифатилишта (Службен весник на Република Македонија 44/21).

### 2.2.2 Стерилизација (кастрација )

Стерилизацијата на женските и машките кучиња се врши после детален клинички преглед. Сите кучиња кои по мислење на ДВМ ги исполнуваат критериумите за операција се оперираат - стерилизираат. По завршената операција, оперираните кучиња се сместуваат во болничкото одделение каде што престојуваат до зараснување на оперативната рана.
За време на анестезијата кучињата се маркираат со микрочип и маркираниот број се внесува во ИСАХВ сиситемот. Од сите кучиња се зема крв за испитување на Лајшманија во согласност со актуелната Годишна наредба за Здравствена заштита на животни.
Во постоперативниот период кучињата се сместуваат во наменските кафези, односно боксови, се врши редовно хранење и се под постојан надзор од соодветни стручни лица. Боксовите во стационарот редовно се чистат, се врши дезинфекција и дезинсекција, а по потреба и соодветна дератизација на целиот простор на прифатилиште.
Непосредно пред напуштање на прифатилиштетпо над животните се врши клинички преглед и процена, а по потреба и тест за социјализација за одредени кучиња.

Кучињата се враќаат на приближно истата локација од каде што претходно биле заловени. За вратените кучиња се изготвува спецификација за вратени кучиња што содржи број маркица, микрочип, место на враќање и пол. Целосната евиденција редовно се внесува и ажурира во инфиормативниот систе ИСАХВ За вратени кучиња се води Регистар на бездомни кучиња кои се на јавни површини , а минале преку прифатилиште.

### 3. Обем на активности

Се проценува дека на територија на Општина Куманово има околоу 200 бездомни кучиња.

Програмата предвидува заловување и третирање на приближно 15 до 20 животни месечно, односно околу 150 до 200 годишно. Сите податоци ќе се внесуваат во Модулот за идентификација и регистрација на бездомни кучиња на Агецијата за храна и ветеринарство.

Хронолошки за секоја година предвидуваме буџет од 1 500 000 денари и заловување на 150 – 200 кучиња, односно буџетот ќе се прилагоди во согласност со потребите на теренот. Од страна на Советот е донесена програма за уредување на градежно земјиште, изградба и одржување на комунална инфраструктура на град Куманово за 2022 година со бр. 09-9525/32 од 28.12.2021 година. Во неа се предвидени средства за заловување на кучиња скитници и нивно згрижување во износ од 1 500 000 денари. Доколку има потреба, Општината може со измена да предвиди дополнителни средства, како не би дошло до нарушување на континуитетот на овој процес.

### Начин на реализација на Контрола на популација на бездомни кучиња во Општина Куманово

Општина Куманово има предвидено да изврши контрола на популација на бездомни кучиња на два начина и тоа:

- Однапред предвиден План на заловување и
- Заловување на бездомни кучиња по повик од граѓаните.

Деталниот План, фреквенцијата, начинот како и расходот на средства се прикажани во табелите подоле:

| Предвиден план Општина Куманово за заловување на кучиња | | | |
|---|---|---|---|
| Месец | Локација/Населба | Предвиден број на заловени животни | Планирани средтсва за реализавија на Планот |
| Јануари | Бедиње/ Жел. Станица | 10 | 40.000,00 ден |
| Февруари | 11 Октомври | 10 | 40.000,00 ден |
| Март | Кеј Кумановка | 10 | 40.000,00 ден |
| Април | Центар | 10 | 40.000,00 ден |
| Мај | Кисела Вода | 10 | 40.000,00 ден |
| Јуни | Тоде Мендол | 10 | 40.000,00 ден |
| Јули | 11 Ноември | 10 | 40.000,00 ден |
| Август | Бајрам Шабани | 10 | 40.000,00 ден |
| Септември | III Македонска | 10 | 40.000,00 ден |
| Октомври | Ајдучка чешма | 10 | 40.000,00 ден |
| Ноември | Бабин Дол/Вера Которка | 10 | 40.000,00 ден |
| Декември | Карпош , Иго Тричковиќ и Бејтови њиве | 10 | 40.000,00 ден |

| Предвиден план на Општина Куманово за заловување на кучиња по повик на граѓаните | | | |
|---|---|---|---|
| Месец | Локација/Населба | Предвиден број на заловени животни | Планирани средтсва за реализавија на Планот |
| Јануари | Бедиње/ Жел. Станица | 10 | 40.000,00 ден |
| Февруари | 11 Октомври | 10 | 40.000,00 ден |
| Март | Кеј Кумановка | 10 | 40.000,00 ден |
| Април | Центар | 5 | 20.000,00 ден |
| Мај | Кисела Вода | 5 | 20.000,00 ден |
| Јуни | Тоде Мендол | 5 | 20.000,00 ден |
| Јули | 11 Ноември | 5 | 20.000,00 ден |
| Август | Бајрам Шабани | 5 | 20.000,00 ден |
| Септември | III Македонска | 5 | 20.000,00 ден |
| Ноември | Бабин Дол/Вера Которка | 10 | 40.000,00 ден |
| Декември | Карпош , Иго Тричковиќ и | 10 | 40.000,00 ден |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Бејтови њиве | | |

Динамика на заловување
Заловување на бездомните кучиња ќе се врши врз база на однапред организиран план како и при повици на граѓаните од Општина Куманово, а овластените лица од страна на Општина Куманово и комуналниот инспектор (редар) редовно ќе вршат увид на локациите во населените места во општината со посебен третман на дворните места на училиштата, детските градинки, просторот на плоштадите и околу автобуската станица, околу Градската болница, Здравствениот дом, просторот околу мега маркетите продавници, месари и угостителски објекти.
Комуналните инспектори (редари) заедно со Официјалните ветеринари ќе вршат редовни контроли согласно законските прописи кај сопствениците на кучињата за исполнителност на законските одредби и ќе превземат мерки кај сопствениците кои не ги почитуват наредените мерки.
Едукација
Пошироката јавност преку радио и ТВ емисии постојано ќе биде информирана како за предвидените активности од планот така и за реализираните активности.
Овластено лице во Општина Куманово прима повици од граѓаните каде има бездомни кучиња и писмено по електрронски пат го известува економскиот оператор за термин на заловување.
По повикот во првите (дневни) активности ќе се извршуваат редовните увиди и контроли на градските појаси, согласно Програмата, но и ќе се интервенира по повикот од граѓаните.
Во втората (ноќна) работна активност, во зависност од временските услови, ќе се одвива доцна навечер или рано наутро, при што се предвидува контрола и прифаќање на кучиња на веќе обработените појаси и повторни интервенции. Заловувањето во дворните места на градските училишта, плоштадот, автобуски станици и постројки се одвива исклучиво кога нема население. Користење дувалки – амазонки и анестетици исклучиво во присуство на ДВМ кој одлучува за третманот. Најстрого е забрането интревенирање доколку има присуство на граѓани во близина на локацијата за заловување.

**4. Финансирање**
Финансирање на Програмата се врши од средствата предвидени со Буџетот на Општина Куманово
Плаќањето ќе се врши врз основа на извршената реализација.

**5. Извршител**
Носител на активностите од оваа Програма е Општината Куманово врз основа на претходна согласност на Советот на Општина Куманово, а извршител ќе биде избран на јавен оглас преку јавни набавки согласно позитивните законски прописи.

**6. Надзор**
Надзор над извршувањето на Програмата го спроведува Секторот за инспекциски надзор - Инспекторат.
Работата и активностите по Програмата на Општина Куманово и економскиот оператор и се под надзор на Агенцијата за храна и ветеринарство.
Општина Куманово еднаш годишно доставува Извештај за реализација на Програмата до Советот на Општина Куманово.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа Програма по одобрување од страна на Агенцијата за храна и ветеринарство се става на одобрување од страна на Советот на Општина Куманово и се објавува во

“Службен гласник на Општина Куманово” и истата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето.

Бр. 09 – 4569/13
06 јуни 2023 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
**Ивана Ѓорѓиевска, с.р.**

**256.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Заклучок**
**за објавување на Решение за давање согласност на Одлуката за изменување на Ценовникот за користење на услугите на ЈОУ Библиотека „Тане Георгиевски“ – Куманово**

1. Се објавува Решението за давање согласност на Одлуката за изменување на Ценовникот за користење на услугите на ЈОУ Библиотека „Тане Георгиевски“ – Куманово, Бр. 09 - 4569/9, што Советот на Општина Куманово го донесе на седницата одржана на 06 јуни 2023 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 08-4751/1
07 јуни 2023 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

**257.**

Врз основа на член 25 став 1 точка 41 и член 71 став 2 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово" бр. 13/03, 13/07, 8/15, 11/19 и 12/21), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 06 јуни 2023 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за давање согласност на Одлуката за изменување на Ценовникот за користење на услугите на ЈОУ Библиотека „Тане Георгиевски“ – Куманово**

1. Се дава согласност на Одлуката за изменување на Ценовникот за користење на услугите на ЈОУ Библиотека „Тане Георгиевски“ – Куманово, Бр. 02 – 143/1, донесена од Управниот одбор на Јавната установа, на седницата одржана на 16.05.2023 година.

2. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Куманово".

Бр. 09 – 4569/9
06 јуни 2023 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
**Ивана Ѓорѓиевска, с.р.**

**258.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Заклучок**
**за објавување на Решение за избор на претседател и членови на Комисијата за финансирање и Буџет на Советот на Општина Куманово**

1. Се објавува Решението за избор на претседател и членови на Комисијата за финансирање и Буџет на Советот на Општина Куманово, Бр. 09 - 4569/14, што Советот на Општина Куманово го донесе на седницата одржана на 06 јуни 2023 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 08-4757/1
07 јуни 2023 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

**259.**

Врз основа на член 32 став 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), член 35 став 1, 2 и 3, член 36 и член 48 од Статутот на Општината Куманово („Службен гласник на Општина Куманово“ бр. 13/03, 13/07, 8/15, 11/19 и 12/21), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 06 јуни 2023 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за избор на претседател и членови на Комисијата за финансирање и Буџет на Советот на Општина Куманово**

1. За претседател и членови на Комисијата за финансирање и Буџет на Советот на Општина Куманово, се избираат:

   за претседател
   - Валентина Младеновска

   за членови
   - Дарко Митевски
   - Дарко Петковски
   - Александра Лазаревски
   - Фитор Јакупи

2. Со денот на влегувањето во сила на ова Решение, престанува да важи Решението бр. 09-8326/8 од 23 ноември 2021 година („Службен гласник на Општина Куманово“ бр. 16/21) и Решението бр. 09-8382/30 од 21 октомври 2022 година („Службен гласник на Општина Куманово“ бр. 13/22).

3. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово“.

Бр. 09 – 4569/14
06 јуни 2023 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
**Ивана Ѓорѓиевска, с.р.**

**260.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Заклучок**
**за објавување на Решение за избор на претседател и членови на Комисијата за комунални дејности на Советот на Општина Куманово**

1. Се објавува Решението за избор на претседател и членови на Комисијата за комунални дејности на Советот на Општина Куманово, Бр. 09 - 4569/15, што Советот на Општина Куманово го донесе на седницата одржана на 06 јуни 2023 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 08-4758/1
07 јуни 2023 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

**261.**

Врз основа на член 32 став 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), член 35 став 1, 2 и 3, член 36 и член 48 од Статутот на Општината Куманово („Службен гласник на Општина Куманово" бр. 13/03, 13/07, 8/15, 11/19 и 12/21), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 06 јуни 2023 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за избор на претседател и членови на Комисијата за комунални дејности на Советот на Општина Куманово**

1. За претседател и членови на Комисијата за комунални дејности на Советот на Општина Куманово, се избираат:

   за претседател
   - Зоран Јовановски

   за членови
   - Дритон Сулејмани
   - Жарко Милошевски
   - Мирослав Тричковиќ
   - Благојче Јаќимовиќ

2. Со денот на влегувањето во сила на ова Решение, престанува да важи Решението бр. 09-8326/9 од 23 ноември 2021 година („Службен гласник на Општина Куманово" бр. 16/21) и Решението бр. 09-3427/26 од 07 април 2022 година („Службен гласник на Општина Куманово" бр. 4/22).

3. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 09 – 4569/15
06 јуни 2023 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
**Ивана Ѓорѓиевска, с.р.**

**262.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Заклучок**
**за објавување на Решение за избор на претседател и членови на Комисијата за локален економски развој на Советот на Општина Куманово**

1. Се објавува Решението за избор на претседател и членови на Комисијата за локален економски развој на Советот на Општина Куманово, Бр. 09 - 4569/16, што Советот на Општина Куманово го донесе на седницата одржана на 06 јуни 2023 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 08-4759/1
07 јуни 2023 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

**263.**

Врз основа на член 32 став 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), член 35 став 1, 2 и 3, член 36 и член 48 од Статутот на Општината Куманово („Службен гласник на Општина Куманово“ бр. 13/03, 13/07, 8/15, 11/19 и 12/21), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 06 јуни 2023 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за избор на претседател и членови на Комисијата за локален економски развој на Советот на Општина Куманово**

1. За претседател и членови на Комисијата за локален економски развој на Советот на Општина Куманово, се избираат:

   за претседател
   - Дритон Сулејмани

   за членови
   - Мирјана Прокиќ - Младеновиќ
   - Жарко Милошевски
   - Марјан Каранфиловски
   - Љуљјета Миљаими

2. Со денот на влегувањето во сила на ова Решение, престанува да важи Решението бр. 09-8826/24 од 06 декември 2021 година („Службен гласник на Општина Куманово“ бр. 17/21).

3. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово“.

Бр. 09 – 4569/16
06 јуни 2023 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
**Ивана Ѓорѓиевска, с.р.**

**264.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Заклучок**
**за објавување на Решение за избор на претседател и членови на Комисијата за урбанизам на Советот на Општина Куманово**

1. Се објавува Решението за избор на претседател и членови на Комисијата за урбанизам на Советот на Општина Куманово, Бр. 09 - 4569/17, што Советот на Општина Куманово го донесе на седницата одржана на 06 јуни 2023 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 08-4760/1 Градоначалник
07 јуни 2023 година на Општина Куманово,
Куманово **Максим Димитриевски, с.р.**

**265.**

Врз основа на член 32 став 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), член 35 став 1, 2 и 3, член 36 и член 48 од Статутот на Општината Куманово („Службен гласник на Општина Куманово“ бр. 13/03, 13/07, 8/15, 11/19 и 12/21), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 06 јуни 2023 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за избор на претседател и членови на Комисијата за урбанизам на Советот на Општина Куманово**

1. За претседател и членови на Комисијата за урбанизам на Советот на Општина Куманово, се избираат:

   за претседател
   - Елена Доцевска - Божиновска

   за членови
   - Ридван Дервиши
   - Јадранка Стаменковска
   - Хузеир Мустафи
   - Александар Јовановски

2. Со денот на влегувањето во сила на ова Решение, престанува да важи Решението бр. 09-8826/25 од 06 декември 2021 година („Службен гласник на Општина Куманово“ бр. 17/21).

3. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово“.

